РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО
ТЕЛО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ИПАРД

# ИЗВЕШТАЈ ЗА НАПРЕДОКОТ НА АКТИВНОСТИТЕ
## за евалуација на ИПАРД Програмата 2014 - 2020
## (статус декември 2017 - декември 2018 година)

ноември, 2018

## Вовед

Евалуациите имаат за цел да го подобрат квалитетот, ефективноста и конзистентноста на финансиската помош од Европската унија како и стратегијата и имплементацијата на ИПАРД II Програмата. Програмата ИПАРД II ќе биде предмет на ex-ante и ex-post евалуација и доколку е проценето за соодветно од страна на Европската комисија ad-hock или времени проценки спроведени од независни оценувачи/евалуатори, а под надлежност и одговорност на Телото за управување (ТУ) со ИПАРД. Евалуациите прават проценка на имплементацијата на ИПАРД II Програмата кон постигнување на нејзините цели и го испитуваат степенот на искористување на ресурсите, ефективноста и ефикасноста на програмирањето, нејзиното социо-економско влијание и влијанието врз дефинираните цели и приоритети. Евалуациите ќе ги идентификуваат факторите кои придонеле за успехот или неуспехот во спроведувањето на ИПАРД II Програмата, вклучувајќи ја и одржливоста на активностите и идентификувањето на најдобрите практики.

Во согласност со планот за евалуација на ИПАРД II програмата изготвен од страна на Телото за управување со ИПАРД и одобрен од Комитетот за следење, Телото за управување секоја година има обврска да поднесува извештај за постигнатите резултати од планот за евалуација до Комитетот за следење на ИПАРД II.

## Одговорности и координација

Со цел да се осигура дека системот за следење и евалуација е во состојба да даде резултати, добро дизајниран и робустен систем за управување и координација е предуслов. Рамковната и секторската спогодба ги поставуваат законските барања и ги дефинираат одговорните тела за спроведување на активностите за мониторинг/следење и евалуација/проценка.

Целокупната одговорност за организирање на процесот на евалуација на ИПАРД II Програмата е надлежност на Одделението за програмирање и евалуација на ИПАРД, во рамки на Телото за управување со ИПАРД. Тие се одговорни за изготвување план за евалуација и координирање на нејзиното спроведување. ТУ исто така е одговорно за доставување на извештаите за спроведените евалуации до Европската комисија и јавноста. Покрај тоа, раководителот на ТУ претседава со Управувачкиот комитет за евалуација, кој ја обезбедува соработката меѓу заинтересираните страни за следење и проценка на ИПАРД и истовремено обезбедува градење на капацитети на засегнатите страни. ТУ исто така е директно

вклучен во собирањето и обработката на податоците за следење на ИПАРД II програмата.
Комитетот за следење има одговорност да го следи спроведувањето на програмата и напредокот кон остварување на целите главно преку утврдени индикатори, и ги разгледува и одобрува годишните извештаи за спроведување на ИПАРД (AIRs) пред да бидат доставени до ЕК. Комитетот за следење ги следи активностите и резултатите поврзани со напредокот во спроведувањето на планот за евалуација и може да дава препораки до ТУ за спроведување и евалуација на програмата, а потоа да ги следи активностите преземени како резултат на неговите препораки.
Платежната агенција има важна улога во активностите за евалуација, бидејќи тие имаат информации во врска со ИПАРД апликациите/барањата, поддржани проекти, исплати и контроли. Со други зборови, голем дел од основните податоци потребни за спроведување на процесите за евалуација се наоѓаат во Платежната агенција. Затоа, процедурите и Спогодбата за спроведување помеѓу Платежната агенција и ТУ го утврдуваат начинот и обезбедуваат навремен пристап и достава на податоците за цели на евалуацијата.
Годишните извештаи за активностите преземени во рамките на Планот за евалуација треба да ги прикажат резултатите, но и да ги објаснат потребите во однос на имплементацијата на индикативната временска рамка презентирана во Планот за евалуација на ИПАРД 2014-2020. Подеднакво важно, овие извештаи треба да му помогнат на ТУ, Комисијата и Комитетот за следење на ИПАРД да ги идентификуваат потребите за придружни/тематски хоризонтални проценки, студии или други активности во врска со конкретни мерки /предизвици/активности.

## План за евалуација 2014-2020

Следниот индикативен преглед го објаснува временскиот план за активности за евалуација на ИПАРД II програмата:

- 2016 - Идентификување на потребите за евалуација - специфични за програмата, дефинирање на прашања и индикатори за евалуација на Програмата, идентификување на барањата за евалуација на податоците и проверка на извори на податоци; одлучување за податоците кои треба да се соберат за евалуација преку системот за следење од формулари за апликација/поднесување на барање за користење на средства, барање за исплата и други алатки за следење.
- 2017 година - ТУ ќе го следи напредокот на реализација на програмата и ќе собира податоци за корисниците преку систем за следење на излезните и целни индикатори како и индикаторите за постигнати резултати, со цел да се подготви годишниот извештај за реализација на програмата; подготовка

на проектните задачи, тендерски постапки и склучување договори со надворешни оценувачи/експерти.

- 2018 - Надворешниот евалуатор/експерти се ангажираат за собирање дополнителни информации/податоци за пополнување на празнините во податоците и информациите и за спроведување на adhoc проценки со кои би се обезбедиле инпути за годишниот извештај за спроведување за 2018.
- 2019 - Телото за управување спроведува контрола на квалитетот на наодите од евалуацијата и на кој било друг инпут што го дава оценувачот/евалуаторот; резултатите од евалуацијата се разгледуваат и дискутираат со управувачката група за проценка и со Комитетот за следење; во врска со наодите од евалуацијата доколку постои потреба ТУ ќе подготви предлог за модификација на ИПАРД II Програмата.
- 2020 - Спроведување на студии за ad-hock-евалуација доколку е потребно;
- 2021 - Телото за управување контролира и потврдува дека потребните ресурси се достапни за да се реализираат задачите за евалуација до 2024 година.
- 2022 - Подготовка на проектната задача и спроведување на тендерска постапка, за да се обезбеди соодветно време за надворешниот оценувач да спроведе квалитетна ex post-евалуација.
- 2023 - Сите проекти договорени во рамките на програмскиот период ИПАРД 2014-2020 година ќе бидат финализирани, вклучувајќи го и собирањето на податоците за мониторинг/следење на корисниците преку излезните, целните и резултат индикаторите. Дополнително, податоците за не-корисници се собираат, обработуваат и синтетизираат во согласност со избраните методи за евалуација и барањата за известување, со цел да се овозможи проценка на влијанијата и достигнувањата кон целите на ЕУ и на руралниот развој во финалната ex-post проценка на ИПАРД 2024.
- 2024 - до 30 јуни 2024 година ТУ го подготвува и доставува стандардниот годишен извештај за спроведување (AIR) 2024 (вклучувајќи ја 2023 година) и до 31 декември 2024 година финалниот извештај за ex-post евалуација.

## Извештај за преземените активности за евалуација

На првиот состанок на Комитетот за следење (КС) одржан во февруари 2016 година, ТУ информираше за активностите за воспоставување на систем за евалуација на ИПАРД програмата 2014-2020 во однос на фазата на структурирање, односно проценка на потребите од податоци за мониторинг во однос на програмските индикатори и подготовка на план за евалуација/проценка на ИПАРД Програмата 2014-2020.

На 2-от МК одржан во декември 2017 година, ТУ информираше за обврската која произлегува од Планот за евалуација да го следи напредокот на Програмата и да ги собира податоците за корисниците преку системот за следење. Сепак, јавниот

повик 01/17 за ИПАРД II беше во почетна фаза и бараните податоци за подетални анализи сѐ уште не беа достапни.
На состанокот на 3-от КС во мај 2018 г., ТУ извести за ограничен напредок во активностите за евалуација поради отсуство на техничка поддршка на ограничениот капацитет на ТУ за спроведување на евалуациските активности и продолжена постапка за посериозна информација за резултатите од Јавниот повик 01/17.
Во врска со планираната активност за 2018 година (според планот за евалуација за ИПАРД 2014-2020) - "ангажирање на надворешен оценувач/експерт за собирање на дополнителни информации/податоци за пополнување на недостатоците од податоци и информации и за спроведување на ad hoc проценки/евалуации", ТУ ја продолжи планираната временска рамка за оваа активност со цел првично да ги добие резултатите од јавниот повик 01/17.
Нагласен е ризикот од задоцнети податоци од првиот јавен повик, бидејќи придонесува за понатамошни одложувања во измените и подобрувањето на другите законски или програмски барања и целокупната надградба на процесите за спроведување на ИПАРД II.

## I. Резултати и влијание на имплементацијата на ИПАРД II Програмата преку анализа на показателите во однос на реализација на целите на мерките

I.1. Евалуациски активности - Инвестиции во физички средства на земјоделски стопанства (Мерка 1)
Во продолжение следуваат информации добиени од расположливите податоци за резултатите од спроведувањето на Јавниот повик 01/17 - прв јавен повик на ИПАРД II обезбедени од АФПЗРР, кои го прикажуваат интересот за аплицирање по мерка 1 како и анализа на постигнатите резултати (после првиот јавен повик) во споредба со очекуваните цели (индикатори за целиот програмски период) според оваа мерка.
Анализата покажа дека интересот за инвестирање по оваа мерка е главно насочен во секторот на растително земјоделско производство (97% од сите доставени апликации под мерка 1), а бројот на поднесени барања кои се однесуваат на поддршка за набавка на трактор сѐ уште значително ги надминуваат другите можности за инвестирање.
Како резултат на тоа, а според информациите од АФПЗРР, достапниот буџет за трактори кој изнесува 20% од вкупните предвидени средства за оваа мерка за целиот период на имплементација на Програмата (страница 162) е постигнат и најверојатно ќе се искористи уште на првиот јавен повик.
Бројот на поднесени барања за инвестиции во сточарскиот сектор покажува многу помал интерес помеѓу потенцијалните корисници со 30 апликации или околу 2% од сите доставени апликации. Преработката на земјоделски производи на фарма

како подсектор е претставена со 4 апликации и конечно само две апликации се поврзани со инвестиции во извори за производство на обновлива енергија.

**Табела 1-1**

| Јавен повик/ Под сектор | Доставени апликации | Побарана финансиска поддршка (€) | Одобрени апликации | Одбиени апликации | Вкупно одобрени средства на контракти раните проекти (€) | Вкупно одобрени средства ЕУ придонес (€) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 01/2017 | 1,404 | 18,003,385.00 | 910 | 486 | 9,833,185.89 | 7,374,889.42 |
| Растително производство | 1,368 | 14,889,439.42 | | | | |
| Сточарско производство | 30 | 2,933,227.64 | | | | |
| Преработка на З. стопанство | 4 | 163,161.79 | | | | |
| Обновлива енергија | 2 | 17,556.15 | | | | |

*8 барања сеуште се во постапка на одобрување

Извор: АФПЗРР, ноември 2018

Според информациите добиени од АФПЗРР, главната причина за големиот број на одбиени барања во Мерка 1 во повеќето случаи е нецелосна документација (види Анекс 2 на овој документ - Причини за одбивање на барањата).

Во однос на остварувањето на програмските индикатори и квантифицираните цели за оваа мерка, (види ИПАРД Програма, страница 162) резултатите од Јавниот повик 01/2017 сè уште се предмет на обработка од страна на ИПАРД Агенцијата.

**Табела 1-2**

| Цел на мерката | Очекуван резултат за програмски период 2014- 2020 | Остварено со првиот јавен повик 01/2017 |
|---|---|---|
| Број на поддржани проекти | (3 100) | |
| Број на земјоделски стопанства кои реализираат проекти за модернизирање на производната активност | (3 100) | |
| Број на економски субјекти кои постепено се надградуваат кон стандардите на ЕУ | (1 200) | |
| Број на земјоделски стопанства кои постепено се надградуваат кон стандардите на ЕУ за благосостојба на животните | (30) | |
| Број на стопанства кои инвестираат во производство на енергија од обновливи извори | (25) | |

| | | |
|---|---|---|
| Број на стопанства кои инвестираат во сточарството со цел намалување на N20 и емисиите на метан (ракување со ѓубриво) | (50) | |
| Вкупен износ на инвестиции во физички средства од поддржани земјоделски стопанства - ИПАРД корисници | (48 mill EUR) | |

* резултатите од Јавниот повик 01/2017 сè уште се предмет на обработка од страна на ИПАРД Агенцијата

Веднаш штом ТУ ќе добие ефикасни и релевантни податоци за следење и евалуација со цел да може да ја пополни горната табела, информациите за статусот на достигнување на целите на мерката ќе бидат доставени до членовите на Комитетот за следење.

I.2. Евалуациски активности - "Инвестиции во физички средства во врска со преработка и маркетинг на земјоделски и рибни производи" (Мерка 3)
Интересот за инвестиции во Мерка 3, со анализа на податоците од првиот спроведен јавен повик, е сумиран во следната табела:

**Табела 2-1**

| **Јавен повик/ Под сектор** | **Доставени апликации** | **Побарана финансиска поддршка (€)** | **Одобрени апликации** | **Одбиени апликации** | **Вкупно одобрени средства на контрактиран ите проекти (€)** | **Вкупно одобрени средства ЕУ придонес (€)** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 01/2017 | 57 | 13,027,728.39 | 31 | 24 | 6,621,696.00 | 4,966,272.00 |
| Млеко | 8 | 683,398.03 | | | | |
| Месо | 12 | 3,144,333.53 | | | | |
| Овошје и зеленчук | 21 | 6,836,976.59 | | | | |
| Житни култури | 5 | 145,896.92 | | | | |
| Масла и масти | 2 | 143,098.55 | | | | |
| Грозје и вино | 8 | 2,074,024.77 | | | | |
| Обновли ва енергија | 0 | 0 | | | | |

*2 барања се во постапка на одобрување
Извор: АФПЗРР, ноември 2018

Анализата покажува дека интересот за инвестиции под мерка 3 варира помеѓу различните потсектори, но сè уште доминантен е интересот за инвестиции во потсекторот за овошје и зеленчук.
Платежната агенција информира дека неприфатливите апликации (корисници) поради големината на претпријатието (МСП) и нецелосни/некомплетни барања се главните причини за одбивање на апликациите (види Анекс 2 на овој документ - Причини за одбивање на барањата).
Во однос на остварувањето на конкретните програмски индикатори/показатели и квантифицираните цели за оваа мерка (види ИПАРД Програма, страница 175), резултатите од Јавниот повик 01/2017 сè уште се предмет на обработка во Платежната агенција и затоа ТУ ќе треба да добие релевантни податоци за да може да ја до комплетира информацијата.

**Табела 2-2**

| Цел на мерката | Очекуван резултат за програмски период 2014 - 2020 | Остварено со првиот јавен повик 01/2017 |
|---|---|---|
| Број на поддржани проекти | (220) | |
| Број на претпријатија кои реализираат проекти за модернизирање на производната активност | (220) | |
| Број на економски субјекти кои постепено се надградуваат кон стандардите на ЕУ | (200) | |
| Број на претпријатија кои инвестираат во производство на енергија од обновливи извори | (20) | |
| Број на новоотворени работни места (нето) | (1300) | |
| Вкупен износ на инвестиции во физички средства од поддржани претпријатија - ИПАРД корисници | (52 mill EUR) | |

* резултатите од Јавниот повик 01/2017 сè уште се предмет на обработка од страна на ИПАРД Агенцијата

Веднаш штом ТУ ќе добие ефикасни и релевантни податоци за следење и евалуација со цел да може да ја пополни горната табела, информациите за статусот на достигнување на целите на мерката ќе бидат доставени до членовите на Комитетот за следење.

## I.3. Активности за евалуација - "Диверзификација на фарми и развој на бизниси" (Мерка 7)

Мерка 7 има за општа цел поддршка на инвестиции, наменети за формирање на микро-претпријатија во руралните средини и изградба/реконструкција на згради на фарма и надвор од фарма за деловни цели.
Табелата подолу го сумира интересот што го покажаа потенцијалните корисници за инвестициите според мерката 7, на првиот ИПАРД II јавен повик 01/2017.

**Табела 3-1**

| Јавен повик/ Под сектор | Доставени апликации | Побарана финансиска поддршка (€) | Одобрени апликации | Одбиени апликации | Вкупно одобрени средства на контракти рани проекти | Вкупно одобрени средства ЕУ придонес |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 01/2017 | 187 | 42,558,585.14 | 0 | 160 | | |
| Алтернативн о земјоделско производство | 39 | 1,707,838.91 | | | | |
| Храна/пијало ци | 20 | 2,617,842.07 | | | | |
| Не прехрамбени производи | 35 | 10,866,666.7 9 | | | | |
| Занаетчиство | 5 | 609,063.15 | | | | |
| Услуги во земјоделство то | 4 | 62,381.44 | | | | |
| Услуги за руралната популација | 7 | 1,628,245.59 | | | | |
| Рурален туризам | 32 | 6,871,062.09 | | | | |
| Обновлива енергија | 46 | 18,195,485.10 | | | | |

*2 барања се во постапка на одобрување
Извор: АФПЗРР, ноември 2018

Во однос на реализација на Мерката 7, Платежната агенција известува дека високата стапка на одбивање кај оваа мерка се должи на проблемите со кои се соочиле апликантите во текот на процесот на комплетирање на апликацијата и нискиот степен на

квалитет на поднесените проекти (економски неисплатливи инвестиции) (види Анекс 2 на овој документ - Причини за одбивање на барањата).
За постигнување на специфичните програмски показатели/индикатори и квантифицираните цели (табела подолу) за оваа мерка (види ИПАРД II Програма, страница 200), ТУ сѐ уште нема добиено релевантни податоци за да може да ги заврши потребните анализи. Резултатите од Јавниот повик 01/2017 сѐ уште се предмет на обработка и затоа овие информации ќе бидат доставени до членовите на Комитетот за следење на ИПАРД веднаш по добивањето на конечните податоци од првиот јавен повик.

**Табела 3-2**

| **Цел на мерката** | **Очекуван резултат за програмски период 2014 - 2020** | **Остварено со првиот јавен повик 01/2017** |
|---|---|---|
| Број на поддржани проекти | (300) | |
| Број на земјоделски стопанства/претпријатија кои создаваат дополнителен или го диверзифицираат изворот на приход во рурална средина | (70) | |
| Број на корисници кои инвестираат во обновливи извори на енергија | (25) | |
| Број на новоотворени работни места (нето) | (1 000) | |
| Вкупен износ на инвестиции во физички средства од поддржани ИПАРД корисници | (9 mill. EUR) | |

* резултатите од Јавниот повик 01/2017 сѐ уште се предмет на обработка од страна на ИПАРД Агенцијата

## II. Активности за подобрување на квалитетот и имплементацијата на Програмата ИПАРД II

Главно, ограничениот капацитет и познавање на методите за евалуација, вклучувајќи ги и методите за собирање на податоци во ТУ како и доцнењата во доставувањето на податоци од АФПЗРР, остануваат главна пречка за функционирање на системот за евалуација, кој би требало да го поддржи подобрувањето на целокупната имплементација на програмата. Доцнењето во доставата на информации и пренос на податоци од ИПАРД Агенцијата, поради рачна обработка на податоците, дополнително ги одложува активностите на ТУ и ги спречува навремените активности за измени и надградување на правните документи поврзани со спроведувањето на програмата.
Достапната помош за обезбедување на надворешни услуги за оценување/евалуација е преку користење на мерката за техничка помош. Сепак, планираната активност согласно Планот за евалуација за 2018 година за ангажирање на надворешен оценувач/експерт за собирање на дополнителни

информации/податоци за пополнување на недостатоците од податоци и информации како и за спроведување на ad hoc проценки за подготовка на инпути за годишниот извештај за спроведување на ИПАРД (AIR), не беше дел од АРТА 2018. Затоа, посочената планирана и одложена активност од Планот за евалуација се очекува да се реализира во втората половина од 2019 година. Следствено, активноста за контрола на квалитетот на наодите од евалуацијата и на кој било друг придонес на независниот оценувач/евалуатор ќе се разгледува и дискутира во Управувачкиот комитет за евалуација и со членовите на Комитетот за следење. Доколку постои потреба што произлегува од наодите на евалуацијата, ТУ ќе подготви и предложи активности за надминување на сите откриени недостатоци.

За најголем дел од воочените и пријавени потешкотии при спроведувањето на првиот јавен повик под ИПАРД II, ТУ и АФПЗРР веќе разговараа за можни подобрувања и веќе преземаа корективни мерки во рамките на првиот предлог за модификација на ИПАРД II програмата.

Во продолжение, на наредниот состанок на Комитетот за следење, членовите ќе бидат информирани за резултатите од спроведувањето на јавниот повик 01/17 (првиот јавен повик на ИПАРД II) со дополнителни информации за достигнување на специфичните програмски цели и квантифицирани индикатори по мерки како и за причините за одбивање на барањата, проблематични документи, прашања за прифатливост итн.

Акциониот план за активности за евалуација за 2019 година е претставен како Анекс 1 на овој документ.

## Анекс 1 - Нацрт годишен акционен план за активности за евалуација за 2019 година

| Бр. | Активност | Одговорност | Временска рамка |
|---|---|---|---|
| 1. | Административни прашања | | |
| 1.2. | Финализирање на „Проектните задачи“ за надворешниот оценувач/експерти за прибирање на дополнителни податоци со цел пополнување на недостатоците од податоци/информации како и спроведување на ад хок евалуација | ТУ, МЗШВ | јануари - февруари 2019 |
| 1.3. | Тендерска постапка за набавка | ТУ, МЗШВ | март - април 2019 |
| 1.4. | Евалуација на набавката и договор | ТУ, МЗШВ | мај- јуни 2019 |
| 1.5. | Почеток на услугата за активности на ад хок евалуација | ТУ, МЗШВ | јуни - јули 2019 |
| 2. | Активности на евалуација | | јуни - септември 2019 |
| 2.1. | Евалуација на резултатите од првиот јавен повик 01/2017 | ТУ | јули - август 2019 |
| 2.2. | Достава на Нацрт извештај за спроведена | АФПЗРР | октомври 2019 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | евалуација на првиот јавен повик и анализа на резултатите и наодите од договорената услуга | | |
| 2.3. | Унапредување на ИПАРД постапките и правната документација врз основа на наодите од спроведената евалуација | ТУ, МЗШВ | ноември - декември 2019 |
| 2.4. | Анализа и извештај за напредокот на имплементација на состанокот на Комитетот за следење на ИПАРД | ТУ | декември 2019-април 2020 |

## Анекс 2 – Причини за одбивање на барањата за користење на ИПАРД средства – (прелиминарна анализа)

**Резултатите прикажани во табелите кои следуваат не се конечни и поради нискиот квалитет на достапните податоци треба да се разгледуваат со внимание и за истите се потребни по сеопфатни анализи.**

Мерка 1 "Инвестиции во физички средства на земјоделски стопанства"

**Табела 4-1**

| Рб | Причини за одбивање при проверка на комплетност М1 | Број на проекти | Стапка (%) |
|---|---|---|---|
| 1 | Барателот воопшто не оговорил на доставениот допис за дополнување | 233 | 61% |
| 2 | Не ги доствил сите барани документи согласно барањето за дополнување | 96 | 25% |
| 3 | Барателот се откажал од аплицирање | 13 | 3% |
| 4 | Должник кон МЗШВ | 10 | 3% |
| 5 | Производните капацитети се под минимум | 7 | 2% |
| 6 | Вредноста на прифатливите трошоцие е под минимум | 4 | 1% |
| 7 | Барателот не е носител на семејно земјоделско стопанство | 2 | 1% |
| 8 | Барателот не регистриран во ЕРЗС | 2 | 1% |
| 9 | Барателот не доставил Барање за финансиска поддршка | 2 | 1% |
| 10 | Не прифатлива земјоделска култура | 2 | 1% |
| 11 | Регистрираните производни капацитети се под минимум | 2 | 1% |
| 12 | Доставени се две Барања по мерка 1 | 1 | 0.3% |
| 13 | Не исполниување на нацинални стандарди за заштита на ЖС | 1 | 0.3% |
| 14 | Капитална поврзаност на добавувачи | 1 | 0.3% |
| 15 | Замјиштето/зградите не се во сопственост на барателот | 1 | 0.3% |
| 16 | Не споредлви понуди | 1 | 0.3% |
| 17 | Правното лице не е регистрирано во ЦР | 1 | 0.3% |
| 18 | ВКУПНО | 379 | 100% |

Извор: АФПЗРР, ноември 2018

- Главната причина за одбивање на барањата при проверка на комплетност е дека "Барателот воопшто не одговорил на доставениот допис за дополнување", каде што 233 баратели или околу 61% од сите одбиени барања во фаза на проверка на комплетноста воопшто не одговориле на Известувањето за до комплетирање;
- 96 барања или околу 25% се одбиени при проверка на комплетност заради тоа што не ги доставиле сите документи кои се барани со известувањето за дополнување на апликациите;
- 13 барања или околу 3% од барателите се откажале од аплицирање;
- 10 барања или околу 3% се одбиени заради неподмирени долгови кон МЗШВ;
- 7 барања или околу 2% предложиле инвестици кои не ги задоволуваат критериумите за минимални регистрирани производни капацитети;

Главното прашање е: Зошто 233 баратели воопшто не одговориле за дополнување на апликацијата?
За да се одговори на ова прашање, треба да се изготви по опсежна анализа за причините зошто барателите не одговориле со дополнување на апликациите.

**Графикон 4-1**




Извор: АФПЗРР, ноември 2018

Во графиконот 4-1 се презентирани главните причини за одбивање на барањата, каде што 61% од апликантите воопшто не одговориле согласно добиеното известување за дополнување на барањата. (25% не ги доставиле сите барани документи).

Table 4-2

| Рб | Причини за одбивање при проверка на соодветност М1 | Број на проекти | Стапка (%) |
|---|---|---|---|
| 1 | Регистрираните производн капацитети се под мин. | 29 | 30% |
| 2 | Вредноста на прифатливите трошоцие е под мин. | 14 | 15% |
| 4 | Не прифатлива земјоделска култура | 12 | 13% |
| 3 | Должник кон МЗШВ | 11 | 11% |
| 5 | Барателот се откажал од аплицирање | 11 | 11% |
| 6 | Негативен ТПП | 7 | 7% |
| 7 | Барателот не доставил Барање за финансиска поддршка | 2 | 2% |
| 8 | Не прифатлива инвестиција | 2 | 2% |
| 9 | Барањето е доставено после рок | 1 | 1% |
| 10 | Доставени се две Барања по мерка 1 | 1 | 1% |
| 11 | Барателот не го потпишал Договорот | 1 | 1% |
| 12 | Не ги доставил сите барани документи | 1 | 1% |
| 13 | Барателот не регистриран во ЕРЗС | 1 | 1% |
| 14 | Не споредливи понуди | 1 | 1% |
| 15 | Не независни добавувачи | 1 | 1% |
| 16 | Оценка на Деловен план | 1 | 1% |
| **17** | **ВКУПНО** | **96** | **100%** |

Извор: АФПЗРР, ноември 2018

Согласно презентираните податоци во табела 4-2, 96 апликации од мерка 1 се одбиваат при проверка на соодветност. 29 проекти или околу 30% од сите одбиени апликации се одбиваат заради не исполнување на критериумот за регистрирани производни капацитети, 14 проекти (15%) не ги задоволиле критериумите за вкупна прифатлива вредност на проектите и 11 баратели или околу 11% се должници кон МЗШВ по однос на договорените обврски.

***Детален опис на причините за одбивање се опишани во горната табела и треба внимателно да се прегледаат.***

**Детален опис на причините**

**Графикон 4-2**




Извор: АФПЗРР, ноември 2018

## (Мерка 3) "Инвестиции во физички средства во врска со преработка и маркетинг на земјоделски и рибни производи"

По однос на мерка 3, согласно податоците на Платежната агенција како главни причини за одбивање на барањата (потенцијалните корисници) се несоодветна големина на претпријатие (МСП) и не комеплтни апликации.

**Табела 5-1**

| Рб | Причини за одбивање при проверка на комплетност М3 | Број на проекти | Стапка (%) |
|---|---|---|---|
| 1 | Барателот воопшто не оговорил на доставениот допис за дополнување | 5 | 42% |
| 2 | Не ги доствил сите барани документи согласно барањето за дополнување | 5 | 42% |
| 3 | Одобрение за градење | 1 | 8% |
| 4 | Не независни добавувачи | 1 | 8% |
| 5 | **ВКУПНО** | **12** | **100%** |

Извор: АФПЗРР, ноември 2018

По однос на проверка на комплетност, 10 од 12 апликации се одбиени поради не комплетни апликации, за една апликација причина е не доставување на одобрение за градење и една е одбиена заради "поврзаност на добавувачите" (види табела 5-1). Генерално, 50% од сите одбиени апликации се одбиени во фаза на проверка на комплетност.

Табела 5-2

| Рб | Причини за одбивање при проверка на соодветност М3 | Број на проекти | Стапка (%) |
|---|---|---|---|
| 1 | Барателот не е во ранг на мали/средни претпријатија | 4 | 33% |
| 2 | Барателот е микро претпријатие | 3 | 25% |
| 4 | Барателот се откажал од аплицирање | 2 | 17% |
| 5 | Не споредливи 3 понуди | 1 | 8% |
| 6 | Не прифатлив добавувач | 1 | 8% |
| 7 | Вредноста на прифатливите трошоци е под минимум | 1 | 8% |
| **8** | **ВКУПНО** | **12** | **100%** |

Извор: АФПЗРР, ноември 2018

Во табела 5-2 се претставени причините за одбивање на барањата по мерка 3 при проверка на соодветност, каде што четири апликации се одбиени бидејќи барателите не се во ранг на мали и средни претпријатија, а три баратели се одбиени бидејќи се во ранг на микро претпријатија, што заедно претставува околу 60% од сите одбиени барања при контрола на соодветност по мерка 3.

## (Мерка 7) " Диверзификација на фарми и развој на бизниси"

Табела 6-1

| Рб | Причини за одбивање при проверка на комплетност М7 | Број на проекти | Стапка (%) |
|---|---|---|---|
| 1 | Оценка на Деловен план* | 12 | 29% |
| 2 | Не е во ранг на микро/мало претпријатие | 12 | 29% |
| 3 | Две барања по мерка 7 | 3 | 7% |
| 4 | Не соодветна инвестиција | 3 | 7% |
| 5 | Барањето не е доставено во затворен плик | 2 | 5% |
| 6 | Капитална поврзаност помеѓу добавувачите | 2 | 5% |
| 7 | Локација на инвестицијата не е во рурална средина | 2 | 5% |
| 8 | Барателот воопшто не оговорил на доставениот допис за дополнување | 1 | 2% |
| 9 | Барателот е во постапка на бришење во ЦР | 1 | 2% |
| 10 | Не ги доствил сите барани документи согласно барањето за дополнување | 1 | 2% |
| 11 | Не активно претпријатие согласно Тековна состојба | 1 | 2% |
| 12 | Не легално стекнат имот | 1 | 2% |
| 13 | Барателот не е регистриран во ЦР | 1 | 2% |
| **14** | **ВКУПНО** | **42** | **100%** |

Извор: АФПЗРР, ноември 2018

Врз основа на резултатите од спроведувањето на Јавниот повик 01/17, 42 барања се дбиени при проверка на комплетност на барањата, при што 12 барања се одбиени заради тоа што не покажуваат економска оддржливост при проценка на

Деловните планови. Втора главна причина за одбивање е тоа што барателот не е во ранг на мало/микро претпријатие. Двете причини опфаќаат околу 60% од сите одбиени барања при проверка на соодветност по мерка 7 (види табела 6-1).

Табела 6-2

| Рб | Причини за одбивање при соодветност М7 | Број на проекти | Стапка (%) |
|---|---|---|---|
| 1 | Барателот воопшто не оговорил на доставениот допис за дополнување | 82 | 69% |
| 2 | Не ги доствил сите барани документи согласно барањето за дополнување | 30 | 25% |
| 3 | Барателот се откажал од аплицирање | 5 | 4% |
| 4 | Не прифатлива земјоделска култура | 1 | 1% |
| 5 | ВКУПНО | 118 | 100% |

Извор: АФПЗРР, ноември 2018

***Детален опис на причините за одбивање се опишани во горната табела и треба внимателно да се прегледаат.***